## К О Л Е К Т И В Н И  Д О Г О В О Р И

**1587.**

Врз основа на член 204 став 1 точка 2 и член 216 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 106/2008 и 161/2008), Владата на Република Македонија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Република Македонија на ден 25 јуни 2009 година склучија

### ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Општиот Колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/08), членот 17 се менува и гласи:

„Член 17

Основната плата на работник се зголемува по час за:

- прекувремена работа............................................ 29%
- работа ноќе............................................................ 29%
- работа во три смени............................................... 4%
- работа во ден на неделен одмор.......................... 29%

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 42%.

Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемена плата по основа на работа во три смени работникот го остварува само за деновите кога работникот работи втора и трета смена.”

Член 2

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето , а ќе се применува од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-35/1 | Бр. 08-9677/1 |
| 25 јуни 2009 година | 25 јуни 2009 година |
| Скопје | Скопје |
| Конфедерација на слободни синдикати на Македонија | Министерство за труд и социјална политика |
| Претседател, | Министер, |
| Раско Мишковски, с.р. | Џељаљ Бајрами, с.р. |